**20131503569**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Согласно член 101-а став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13 и 137/13) министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИДЕЕН ПРОЕКТ, ЗА ИЗМЕНИ ВО ТЕКОТ НА ИЗГРАДБАТА, ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР, ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ, ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ГРАДБИТЕ ОД ЧЛЕН 73 ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ, ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, ПРЕНАМЕНА, АДАПТАЦИЈА И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА ЗА ГРАДБИТЕ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА СОГЛАСНО ЧЛЕН 57 ОД ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ НАЧИН

Член 1
**Предмет**

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на постапките за одобрување на идеен проект, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање на одобрение за подготвителни работи, за издавање на решение за градбите од член 73 од Законот за градење, за реконструкција, пренамена, адаптација и за издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 од Законот за градење на електронски начин.

Член 2
**Начин на поднесување на барање**

Поднесување на барање за одобрување на идеен проект, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање на одобрение за подготвителни работи, за издавање на решение за градбите од член 73 од Законот за градење, за реконструкција, пренамена, адаптација и за издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 од Законот за градење, се врши преку информациски систем е-одобрение за градење кој е достапен преку интернет.

Член 3
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1.„Барател“ е секое физичко и правно лице кое е регистрирано во информацискиот систем е-одобрение за градење како подносител на барање за одобрување на идеен проект, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање на одобрение за подготвителни работи, за издавање на решение за градбите од член 73 од Законот за градење, за реконструкција, пренамена, адаптација и за издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 од Законот за градење.

2.„Надлежен орган“ е органот кој е надлежен за спроведување на постапките од член 1 на овој правилник согласно Законот за градење.

3.„Барање“ е образец со кој барателот се обраќа до надлежниот орган заради одобрување на идеен проект, за измени во текот на изградбата, за промена на инвеститор, за издавање на одобрение за подготвителни работи, за издавање на решение за градбите од член 73 од Законот за градење, за реконструкција, пренамена, адаптација и за издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 од Законот за градење.

Член 4
**Регистрација на барател**

(1)Барателот се регистрира самостојно на веб порталот на информацискиот систем е-одобрение за градење, по што на сопствената електронска пошта добива корисничко име и лозинка.

(2)Барателот ги користи корисничкото име и лозинката при најава за пристап на информацискиот систем е-одобрение за градење.

(3)Барателот не може да го менува корисничкото име, додека промена на лозинката се врши согласно со Законот за заштита на личните податоци.

Член 5
**Начин на доставување на документација и издавање на акти**

(1) Барањето со прилозите барателот го поднесува во електронска форма, потпишано со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач, преку информацискиот систем е-одобрение за градење.

(2)Прилозите кон барањето се доставуваат во електронска форма, скенирани или потпишани со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач, преку информацискиот систем е-одобрение за градење.

(3) Управните акти кои се донесуваат од надлежните органи во постапките од член 1 на овој правилник се издаваат и доставуваат во електронска форма, скенирани или потпишани од овластено лице со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач, преку информацискиот систем е-одобрение за градење.

(4) Размената на податоци помеѓу корисниците на информацискиот систем е-одобрение за градење се потврдува од страна на корисникот со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач, преку информацискиот систем е-одобрение за градење.

(5)Секој документ од барателот, доставен во писмена форма нема да се смета за валиден и не се зема во предвид од надлежниот орган.

Член 6
**Начин на доставување и одобрување на проектна документација**

(1) Проектната документација се доставува во електронска форма и во (.PDF) и во (.DWG) формат, во еден или повеќе електронски записи, потпишани со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач на начин утврден во Правилникот за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи, при што во (.PDF) формат се доставуваат сите делови од проектната документација (општ, урбанистички и проектен дел), а во (.DWG) формат само цртежите.

(2) Проектната документација од став (1) на овој член која е доставена преку информацискиот систем е-одобрение се одобрува со потврда за заверка, која се потпишува од страна на службеното лице на надлежниот орган со валиден дигитален сертификат

издаден од овластен издавач, според образецот на потврдата за заверка на проектна документација кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 7

**Евидентирање на управни акти во уписник и нивно доставување**

Управните акти кои се донесуваат од страна на надлежниот орган во постапките од член 1 на овој правилник се евидентираат во уписник, а примерок од решението за измени во текот на изградбата, решението за промена на инвеститор, одобрението за подготвителни работи, решението за изведување на градбите од член 73 од Законот за градење, одобрението за реконструкција, одобрението за пренамена, одобрението за адаптација и одобрението за употреба за градбите од прва категорија согласно член 57 од Законот за градење покрај во електронска форма се доставуваат до барателот и во писмена форма.

Член 8

**Клаузула за правосилност**

Примерокот од актот на кој е ставена клаузула за правосилност се скенира и прикачува во информацискиот систем е- одобрение за градење.

Член 9

**Засметување на рокови**

По поднесеното барање роковите при размената на податоци започнуваат да течат од датумот и часот на успешно испратена електронска порака, регистрирани во информацискиот систем е-одобрение за градење.

Член 10

**Проектна документација изработена, ревидирана и заверена пред влегувањето во сила на овој правилник**

Проектната документација која е изработена, ревидирана и заверена од страна на субјектите кои ја изработиле и ревидирале истата, пред влегувањето во сила на овој правилник може да се достави и скенирана во електронска форма во (.PDF) формат, во еден или повеќе електронски записи кои се потпишуваат со валиден дигитален сертификат само од страна на одговорното лице во правното лице во кое е изработена проектната документација.

Член 11

Завршна одредба

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број 01-10359 | Министер |
| 31 октомври 2013 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |

Прилог

# П О Т В Р Д А

## за заверка на проектна документација

Се потврдува заверка на

______________________________________________________________________

**(се наведува видот на проектна документација и техничкиот број)**

изработен од

______________________________________________________________________

**(се наведуваат физичкото лице-проектант и правното лице во кое е изработен проектот)**

за кој е извршена ревизија од страна на

______________________________________________________________________

**(се наведуваат физичкото лице-ревидент и правното лице во кое е извршена ревизија)**

Проектот е доставен преку информацискиот систем е-одобрение за градење кон барањето за

____________________________________________________________

**(се наведува видот на барањето)**

бр.______________________________________________

**(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)**

во____________________________________________________________________

**(се наведуваат датумот и часот на доставување на проектот кои во информацискиот систем е-одобрение за градење се регистрирани како датум и час на достава на проектот)**